# КЛУЧНИ НАОДИ ОД ИЗВЕШТАЈОТ ВО СЕНКА ЗА ПОГЛАВЈЕТО 23: ПРАВОСУДСТВО И ТЕМЕЛНИ ПРАВА

(мај 2016 – јануари 2018)

Извештајот во сенка за Поглавјето 23 ги обединува во единствена кохерентна целина сите наоди, заклучоци и препораки што произлегоа од следењето на областите структурирани во Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права.

Временскиот период што е предмет на овој извештај би можел јасно да се подели на три клучни етапи:

- Период пред одржувањето на парламентарните избори на 11 декември 2016 година;
- Транзитен период по одржувањето на изборите, а пред конституирањето на новата влада на 31 мај 2017 година; како и
- Период од изборот на новата влада до крајот на јануари 2018 година.

Периодот на опфат на извештајот е продолжен за да соодветствува на новиот циклус извештаи на Европската комисија, што ќе бидат објавувани во април. Ова е трет извештај во сенка што го објавува „Мрежа 23“. Во продолжение се клучните наоди на извештајот.

## 1. Правосудство

Носењето на Стратегијата е позитивен чекор во насока на наоѓање на одржливи решенија за состојбите во правосудниот сектор. Најавениот Совет за следење на имплементацијата на Стратегијата треба да работи транспарентно и да биде инклузивен, со цел да не биде сведен на однос извршна власт-судска власт.

### Независност

Неопходно е понатамошно јакнење на независноста на судството, вклучително и на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, преку транспарентност во одлуките за именување и унапредување на судии и јавни обвинители. Потребно е дефинирање на критериумите за избор на членови на Судски совет и дефинирање на терминот „истакнат правник“. Потребни се измени за воведување на механизми за одговорност на членовите на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители. Оценувањето на работата на јавните обвинители од Советот на јавни обвинтиели не се спроведува редовно и не дава резултат.

Неопходна е поголема финансиска независност на судството, односно да се достигне законски предвидениот процент од 0,8% од БДП, што би се издвојувал за судската власт или промена на таа одредба во насока на издвојување на оптимален процент од 0,5% од БДП за финансирање на судството согласно анализите во оваа област.

Добра е определбата за вклопување на СЈО во рамките на ЈОРМ, со проширена надлежност за гонење на корупција од висок профил. Сепак, постои ризик во однос на непристрасноста на изборот на судиите кои би суделе во посебното одделение.

### Непристрасност

Одлуките на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители за дисциплинска одговорност и разрешување на судии/јавните обвинители треба да бидат јасно образложени. Потребно е допрецизирање на основите за одговорност на судиите. Потребна е доследна примена на етичките кодекси на судиите и јавните обвинители, особено при давање на изјави во јавноста.

Проектот го финансира Европската Унија

Мора да се обезбеди непристрасна распределба на предметите преку редовна контрола и ревизија на АКМИС системот.

## Професионализам/стручност/ефикасност

Академијата на судии и јавни обвинители треба да го изедначи условот за прием на слушатели за судии и јавни обвинители, но и да го измени условот за познавање на странски јазик. Потребни се нови програми со кои би се опфатиле во почетна обука долгогодишните практичари. Електронското полагање на практичниот дел на испитите треба да биде укинато.

Потребно е да се подобри функционалноста на судскиот портал sud.mk и негово редовно ажурирање. Потребна е промоција на алтернативното решавање на споровите, особено медијацијата.

Македонија треба покоординирано да ги извршува пресудите на ЕСЧП.

# 2. Борба против корупција

Државата мора да ги имплементира препораките на ГРЕКО, со акцент на оние за судството.

ДКСК мора доследно да го применува ЗСК во однос на анкетните листови и да ги објавува за носителите на јавни овластувања, како и за членовите на комисијата. ДКСК мора да ги објавува редовно своите одлуки, особено поврзани со политичкото финансирање, судирот на интереси и анкетните листови. Комисијата мора да ја зголеми својата транспарентност, да работи проактивно и непристрасно, како и да развие тесна соработка со граѓански организации.

Стратегијата за финансиски истраги и конфискација на имот треба да биде комплементарна со Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање тероризам (2017-2020).

Дополнувањето на Законот за укажувачи е чекор кон усогласување со препораките на Венецијанската комисија, а се препорачува и понатамошно подобрување на предлог-текстот. За да профункционира, ќе бидат потребни значителни правни, институционални и практични подготовки за спроведување на законот, како и подгнување на јавната свест.

# 3. Темелни права

## Народен правобранител

Собранието сериозно да го разгледа Годишниот извештај на Народниот правобранител, и да утврди мерки за спроведување на дадените општи препораки. Да се обезбедат финансиски средства за Народниот правобранител да може да ги реализира добиените надлежности.

## Уставен суд

Пасивноста и политичката инструментализација на Уставниот суд придонесуваат кон континуирано отсуство на кредибилитет и доверба во јавноста. При изборот на судиите треба да се води сметка за професионалноста, компетентноста и интегритетот на новоизбраните судии, што во крајна линија треба да го подигне нивото на Уставниот суд. Во насока на зголемување на јавната доверба во Уставниот суд потребно е јасно поставена дефиниција на терминот „истакнат правник“.

Потребно е дискусија пред именување на судиите во УС од Собранието, а може да се зголеми и потребното мнозинство за именување.

Потребно е воведување на уставната жалба, со цел подобрување на заштитата на правата и слободите на граѓаните.

Проектот го финансира Европската Унија

Институт за европска политика. Скопје | МРЕЖА 23 | ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Тортура и друг вид сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување

Неопходно е органите да ја прекинат практиката на неказнивост за дејвствата на тортура и другите облици на нечовечко однесување, пасивноста на ЈО особено кога се во прашање полициските службеници и понатаму ја јакне недовербата на граѓаните во правосудниот систем. Потребен е надворешен механизам за контрола врз работата на полицијата. Пресудите од ЕСЧП поврзани со тортурата мора да се извршуваат сериозно, а жртвите на тортура (и др облици) мора да имаат правна, медицинска, психолошка и социјална помош.

## Затвори и притвори

Состојбата со пренатрупаноста на затворите и третманот на затворениците е алармантна. Потребно е целосно имплементирање на препораките на Комитетот за превенција на тортурата и расветлување на случаите на смрт во казнено-поправните установи. Да се обезбедат сите претпоставки (материјални, кадровски и финансиски) за непречено работење на Националниот превентивен механизам. На невладините организации да им се овозможи слободно посетување на затворите.

Спроведување на Законот за амнестија да се врши внимателно, со вклучување на мерки за ресоцијализација на амнестираните лица.

## Ранливи групи и принцип на недискриминација

Темелно реформирање и професионализација на Комисијата за заштита од дискриминација, со цел поефикасно да ги извршува своите надлежности. Подобрување на пристапот до правда на жртвите од дискриминација, преку ослободување од судски трошоци, вклучување на сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за дискриминација. Итно да се одговори за истрагата за напаѓањето на ЛГБТИ Центарот.

Потребно е пошироко дефинирање на бесплатната правна помош, со цел зголемување на опфатот на граѓаните на кои им е потребна.

## Слобода на собирање и здружување

Државата да обезбеди почитување на правото на собирање на начин што тоа нема да биде ограничено ниту од страна на полицијата, ниту од друга група граѓани – контрапротестанти, во случаи кога се работи за уредно најавен протест. Да се преземат дисциплински мерки против полициски службеници кои применуваат несразмерна сила кон учесниците во мирни протести.

## Слобода на изразување и плурализам во медиумите

Спроведување на реформите во медиумскиот сектор, согласно Пржино 2. Потребна е измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел забрана на платено рекламирање од страна на државата. Новинарите и радиодифузерите да се придржуваат до професионалните начела за известување, да известуваат објективно и непристрасно, и да не употребуваат дискриминаторски говор, говор на омраза, навреди клевети и дезинформации.

Новинарските здруженија и организации треба да ги зголемат напорите за обезбедување услови новинарите и другите медиумски професионалци да ги извршуваат своите обврски без страв и притисоци.

Потребна е измена на Законот за граѓанска одговорност од клевета во поглед на дефинициите (усогласување со член 10 од ЕКЧП), како и измена на процедуралните правила за исклучување на случаите од мала вредност и употреба на медијација.

Проектот го финансира Европската Унија

## Право на почитување на приватниот и семејниот живот и комуникациите

Предложениот систем на ОТА треба да понуди гаранции против негово арбитратно користење, а треба да има засилена улога на граѓанските организации и Собранието за ефикасна контрола на агенцијата.

Ограничување на следењето на комуникациите за определена категорија кривични дела (пр, само за оние кои имаат минимална казна од 4+ години). Рестриктивно прецизирање на условите во кои може со усна наредба да се следат комуникациите (според старото законско решение). Ограничување на времетраењето на следењето. Воведување обврска следените лица да бидат известени за преземените мерки, во случај на прекинување на следењето.

Оневозможување на директниот пристап до комуникациите од страна на службите, односно органите да имаат обврска претходно да го известат операторот и да доставаат судски налог за следење, пред операторот да го овозможи пристапот до комуникациите на опфатените лица. Зајакнување на внатрешната контрола во МВР за да таа врши контрола и на случаите во кои е злоупотребено овластувањето за следење на комуникациите.

# Процедурални заштитни гаранции

## Право на слобода и безбедност

Менување на јавнообвинителската и судската практика во однос на притворот, со цел доследна примена на ЗКП и стандардите од ЕКЧП. Адресирање на индивидуалната одговорност на судии и јавни обвинители кои постапувале пристрасно при (не)примената и (не)изрекувањето на мерката притвор.

## Мерки против расизам и ксенофобија и говор на омраза

МВР и Јавното обвинителство да преземат мерки за гонење на говорот на омраза, со оглед на шететните последици од неказнивоста. Јавните личности и политичките претставници треба да се воздржат и да ја осудат употребата на говорот на омраза. Следење на етичките стандарди во новинарството и оневозможување на говорот на омраза во медиумите. Да се олесни пријавувањето на злосторства од омраза и да се зајакнат здруженијата за поддршка на жртвите.

## Криминал од омраза

Да се обезбеди ефикасна истрага и гонење на злосторствата од омраза, МВР да ги открие сторителите на регистрираните кривични дела и да делува превентивно.

## Заштита на личните податоци

ДЗЛП да ја засили својата улога на заштитник на граѓаните. Да се засили надзорната улога на ДЗЛП и во однос на следењето на комуникациите од надлежните органи. Да се осигура безбедноста на собраните податоци од следењето на комуникациите и нивното уништување кога тие веќе не се потребни. Да се развие пракса за обесштетување на лицата на кои им биле прекршени правата со следење на комуникациите од државните органи. Давателите на електронски комуникациски услуги да ги заштитат личните податоци од било кој незаконски или неовластен облик на обработка и да применуваат политика за безбедност при обработка на личните податоци.

*За проектот:*

*Проектот „Мрежа 23 +“, што го имплементираат Институтот за европска политика – Скопје и Хелсиншкиот комитет за човекови права, има цел да даде структуриран придонес на граѓанското општество во следењето и во оценувањето на политиките опфатени со Поглавјето 23 од пристапувањето во ЕУ – Правосудство и темелни права.*

Проектот го финансира Европската Унија